**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп.1 бр.** 11-630
**16.12.2014 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20, став 1 алинеи 1 и 8, член 23, став 1, алинеја 1 и член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14, бр.101/14 и бр.132/14) и Извештајот од вонредниот програмски надзор на **Трговско радиодифузно друштво - оператор на кабелска мрежа КДС-Кабелнет ДОО Прилеп,** бр.11-6295/1 од 16.12.2014 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради рееемитување на програмски сервиси кои не се регистрирани во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од страна на **Трговско радиодифузно друштво- оператор на кабелска мрежа КДС-Кабелнет ДОО Прилеп,** Директорот на Агенцијата на ден 16.12.2014 година го донесе следното:

## Решение
## за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмски сервиси

1. СЕ ОПОМЕНУВА **Трговско радиодифузно друштво - оператор на кабелска мрежа КДС-Кабелнет ДОО Прилеп,** заради повреда на член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14, бр.101/14 и бр.132/14) сторена на ден 15.12.2014 година, односно поради реемитување на телевизиски програмски сервиси кои не се регистрирани во аналогниот програмски пакет од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и тоа: Viasat Nature и Atlas TV.

2. **МУ СЕ НАЛОЖУВА** на Трговско радиодифузно друштво- оператор на кабелска мрежа КДС-Кабелнет ДОО Прилеп, веднаш по приемот на ова решение, да го исклучи реемитувањето на следниве нерегистрирани телевизиски програмски сервиси, и тоа: Viasat Nature и Atlas TV, и да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор наведен во точка 1 на ова решение, постапил по решението.

4. Ова решение е конечно.

Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14, бр.101/14 и бр.132/14), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од овој закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 6, став 1, алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14, бр.101/14 и бр.132/14), Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки согласно со овој закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Во рамките на своите законски надлежности, согласно член 27 и член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на ден 15.12.2014 година, изврши вонреден програмски надзор на програмските сервиси реемитувани во аналогниот програмски пакет на операторот **Трговско радиодифузно друштво - оператор на кабелска мрежа КДС-Кабелнет ДОО Прилеп**, при што констатираше дека е направена повреда на член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14, бр.101/14 и бр.132/14), на начин што **Трговско радиодифузно друштво - оператор на кабелска мрежа КДС-Кабелнет ДОО Прилеп**, реемитувало телевизиски програмски сервиси кои не се регистирани од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Повредата се состои од реемитување на телевизиски програмски сервиси кои не се регистрирани од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и тоа: Viasat Nature и Atlas TV.

Следствено на тоа, врз основа на член 20, став 1 алинеи 1 и 8, член 23, став 1, алинеја 1, и член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Извештајот бр.11-6295/1 од 16.12.2014 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, наведено во точка 1 на ова решение, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе Решение за преземење мерка-опомена, со цел исклучување на реемитувањето на нерегистрираните програмски сервиси и усогласување со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Агенцијата му наложи на операторот исклучувањето да го изврши веднаш по приемот на решението и да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Исто така, ќе се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали **Трговско радиодифузно друштво- оператор на кабелска мрежа КДС-Кабелнет ДОО Прилеп**, постапило по налогот односно опомената и престанало со реемитување на програмските сервиси во својот аналоген програмски пакет, кој не е регистриран во Агенцијата, а е наведен во точка 1 и 2 на ова решение.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова решение е конечно и против него операторот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението. Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение операторот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Доставено до:
- Трговско радиодифузно друштво- оператор на кабелска мрежа КДС-Кабелнет ДОО Прилеп;
- Управителот на Трговско радиодифузно друштво- оператор на кабелска мрежа КДС-Кабелнет ДОО Прилеп;
- Раководител на Сектор за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права;
- Агенцијата за електронски комуникации на Република Македонија;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.